*ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СЕВЕРОИСТОЧЕН*
*ПЛАНСКИ РЕГИОН - КУМАНОВО*
*„Илинденска“б.б.1300 Куманово, п.фах-182, Тел/Факс: 031/424-878,*
*www.northeastregion.gov.mk* *e-mail: info@northeastregion.gov.mk*

# Акционен план за 2013 година, за имплементација на Програмата за развој на СИПР 2009-2014

**(ПРЕДЛОГ)**

Врз основа на член 20, став 1, алинеја 3 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" број 63/2007), Советот за развој на Североисточниот плански регион на својата редовна седница донесе:

# ГОДИШЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2013 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СЕВЕРОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2009 - 2014

**Декември, 2012 година**

**СОДРЖИНА**

1. Вовед

2. Стратешки цели, приоритети, мерки и индикатори за спроведување на Програмата за развој на СИПР во 2013

3. Надлежна институција за спроведување на мерките на регионалниот развој

4. Индикативни извори на финансирање на регионалниот развој

4.1. Очекувани макроекономски движења за 2013 година

4.2. Средства од Буџетот на РМ за 2013 за имплементација на проекти од областа на рамномерниот регионален развој

5. Акционен План за 2013 за имплементација на Програмата за развој на СИПР 2009-2014

6. Информирање и комуникација

**Акроними и кратенки**

| | |
|---|---|
| СИПР | Североисточен плански регион |
| СРСИПР | Совет за развој на Североисточен плански регион |
| ЦРСИПР | Центар за развој на Североисточен плански регион |
| ЛММ | Линиски Министерства |
| БРР | Биро за регионален развој |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој |
| ЕЗ | Европска Заедница |
| ЕОСТ | Европска организација за слободна трговија |
| ЕУ | Европска Унија |
| ССТ | Спогодба за слободна трговија |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| ИПАРД | ИПА за рурален развој (ИПА компонента 5) |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МЕ | Министерство за економија |
| НВО | Невладина организација |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МЗЗ | Министерство за здравство |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| СВОТ | Анализа на силните страни, слабостите, можностите и заканите |
| ОН | Обединети Нации |
| УНДП | Развојна програма на Обединетите Нации |
| СЦ | Стратешка цел |
| ПКМ | Паритет на куповната моќ |
| ЦР | Централен регистар |
| АВ | Агенција за вработување |
| ЈПП | Јавно приватно партнерство |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| ПЛСГ | Правно лице за стопанисување со гас |
| АПРЗ | Агенција за поддршка и развој на земјоделието |
| ЦРР | Центар за регионален развој |
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| БС | Бизнис сектор |
| АДП | Агенција за државни патишта |
| ЕЛЕМ | Електрани на Македонија |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| БРО | Биро за развој на образованието |

## 1. Вовед

Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" број 63/07) заедно со регулативата во неколку други сектори ја сочинуваат основата на идниот развој на РМ, додека Стратегијата за регионален развој на Република Македонија за периодот 2009 - 2019 ("Службен весник на РМ" број 119/09).

Врз основа на Програмата за регионален развој на СИПР 2009-2014, овој **предлог - Акционен план** (понатаму во текстот Акционен план) ги претставува приоритетите за регионалниот развој на СИПР во 2013 година.

Целта на овој план е да овозможи транспарентност во претставувањето на развојниот пристап и политика и да ја информира општата јавност во СИПР и пошироко, кои се главните прашања во регионалниот развој на СИПР во 2013 година и да овозможи координирање на активностите на различните заинтересирани страни на централно, регионално и локално ниво за регионалниот развој на СИПР.

Не помалку значајна цел на овој Акционен план е и јакнењето на капацитетите за планирање, промоција и поддршка на регионалниот развој на: **Центарот за развој на СИПР**, **Советот на СИПР**, како и на **општинските капацитети** поврзани со регионалниот развој.

**Правната рамка за Акциониот план за имплементација на Програмата на СИПР во 2013 година се ноќа во** Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" бр. 63/07) го дефинира Акциониот план како краткорочен оперативен документ, во кој се утврдуваат носители, финансиски средства и временска динамика за реализација на Проекти. Основата за подготовка на Акциониот план за имплементација на Програмата за развој на СИПР 2009-2014 е утврдена во член 20 од Законот за рамномерен регионален развој, кој предвидува **донесување на едногодишен Акционен план** за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион од страна на Советот за развој на планскиот регион. Членот 26 од истиот закон предвидува Центарот за развој на планскиот регион да го изработи **предлог-акциониот план** за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион.

**Содржина на Акциониот план** за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион е уредена со Правилникот за Методологијата за изработка на планските документи за регионален развој. ("Службен весник на РМ" бр. 102/09). Членот 24 на оваа Методологија дефинира дека Акциониот план за имплементација на програмата за развој треба да содржи:

- Стратешки цели, приоритети и мерки за спроведување на приориотетите на регионалниот развој;
- Индикатори за следење на спроведувањето на мерките на регионалниот развој;
- Надлежна институција за спроведување на мерките на регионалниот развој;
- Индикативна финансиска табела за висина на трошоците и извори на финансирање на регионалниот развој

Акциониот план на Центарот за развој на СИПР за 2013 година, претставува документ чии појдовни основи се Програмата за развој на СИПР 2009-2014 и Акционот план на Центарот за развој на СИПР за 2012 година. Истиот е изработен во согласност со Методологијата за изработка на плански документи за регионалниот развој ("Службен весник на РМ" бр. 102/09). Тимот кој работеше на подготовка на Акциониот план беше составен од вработените во Центарот за развој на СИПР. Во текот на изработката на Акциониот план за имплементација на програмата за развој на СИПР, беа земени во предвид содржините и приоритетите на релевантните документи на Република

Македонија, а во рамките на Акциониот план се целосно поместени приоритетите од Програмата за развој на СИПР 2009-2014 година[1].

Врз основа на член 13 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" број 63/07), Акциониот план за имплементација на Програмата за развој на СИПР 2009-2014, за 2013 година, Советот на СИПР треба да го донесе до крајот на третото тримесечие од 2012 година.

## 2. Стратешки цели, приоритети, мерки и индикатори за спроведување на Програмата за развој на СИПР во 2013

Преобразбата на СИПР од неразвиен и периферен регион во регион со одржлив економски развој, постојан економски раст и конкурентност, регион со надминати социо-еконоски разлики во развојот на општините во регионот, не може да се постигне без постигнување на **Визијата за стратегиски развој на СИПР**:

***Социо-економски развиен пограничен регион, со општини кои динамично се развиваат, со висока стапка на економски раст, развиена инфраструктура, чиста животна средина и подобар квалитет на животот.***

Врз основа на дефинирана **Визија**, како и **стратегиската политика** за регионален развој на СИПР, произлезена од анализата на SWOT факторите - **поддршка на можностите за развој на регионот и надминување на слабите страни** - во **Табелата 1** се дадени стратешките цели за развој на СИПР со соодветните приоритети во периодот 2009-2014 година.

Реализирањето на стратешките цели може да се случи единствено преку партнерство помеѓу сите зинтересирани страни за регионалниот развој, како и со фокусирани активности врз основа на ресурсите во регионот, надворешните инвестиции и привлекувањето на средства од национални и меѓународни програми и фондови. Исто така, Јавно-приватното партнерство треба да биде еден од основните механизми за поврзување на јавниот и приватниот интерес во процесот на социо-економски развој на СИПР.

**Акциониот план за имплементација на Програмата за регионален развој на СИПР за 2013 година** е претставен преку табеларен приказ кој ги следи стратешките цели на Програмата за регионален развој на СИПР 2009-2014 и дава преглед на **мерките и активностите** кои ги планира Центарот за развој на СИПР за остварување на **стратешките цели** предвидени со Програмата, како и соодветните **индикатори за изведба и изворите на информации за нивна верификација**. Исто така Акциониот план ги посочува **индикативните** потребни ресурси и **финансиски средства** за имплементација на активностите, вклучувајќи ги и **можните извори за финансирање** и **носителите** на активностите.

Потребните ресурси и финансиски средства, како и изворите на финансирање и одговорните за реализација на активностите кои се вклучени во Акциониот план се само проценка за потребите на планирањето. Вистински потребните ресурси и финансиските средства ќе се одредат во процесот на изработката на проектните апликации и во процесот на изработка на тендерските документации за имплементација на проектите, кога ќе се располага со повеќе информации.

Табела 1

| | Стратешки цели | Приоритети |
|---|---|---|
| 1 | Да постигнеме економски раст поголем од економскиот раст на државата во целина | 1. Создавање на услови за ставање на постоечките природни и стопански потенцијали на регионот во функција на економскиот развој |
| | | 2. Подигнување на капацитетите за планирање и реализација во СИПР |
| | | 3. Поттикнување на претприемништвото и развој на МСП |
| | | 4. Привлекување на домашни и странски инвеститори |
| 2 | Да изградиме современа инфраструктура со меѓународно значење со поддршка од државните и европските фондови | 1. Реконструкција и изградба на комунална инфраструктура за водоснабдување |
| | | 2. Реконструкција и изградба на патна и железничка инфраструктура |
| | | 3.. Урбанизирање на поголем дел од регионот и воведување на ГИС |
| | | 4. Гасификација на  поголемиот дел од регионот |
| | | 5.Одржливо искористување на обновливи извори на енергија (ветер, сонце, вода и биомаса) |
| | | 6. Одржливо искористување на водените потенцијали во земјоделието, туризмот и руралниот развој |
| 3 | Да инвестираме во нашите потомци преку заштитата на животната средина во регионот | 1. Воспоставување на функционален систем за интегрирано регионално управување со отпад |
| | | 2. Намалување на степенот на загаденост на водите и почвата |
| | | 3. Интегрирано  управување со шумското богатство |
| 4 | Да го развиеме земјоделието во регионот врз база на современи знаења и иновации | 1.Унапредување на замјоделството |
| | | 2.Унапредување на сточарството |
| | | 3.Унапредување на прехрамбено-преработувачка индустрија |
| | | 4. Одржливо искористување на шумските плодови и лековити растенија |
| 5 | Да го подобриме животот во регионот преку искористување на можностите за рурален развој и развој на туризмот | 1. Подобрување на квалитетот на живеење во руралните средини |
| | | 2. Искористување на природните потенцијали и културно-историското наследство во функција за развој на туризмот и руралниот развој |
| | | 3. Создавање на услови за развој на семејни бизниси и занаетчиство |
| | | 4. Промовирање на автентичноста и компаративните предности на регионот |
| 6 | Да придонесеме кон подобрување на квалитетот на живеење во регионот преку развој на социјалната инфраструктура и услугите | 1. Воспоставување на функционален образовен систем |
| | | 2. Воспоставување на ефективна и ефикасна јавна администрација |
| | | 3. Создавање на услови за достапност на здравствена заштита на сите три нивоа |
| | | 4. Имплементирање на социјалната заштита на населението во услови на транзиција |

## 3. Надлежна институција за спроведување на мерките на регионалниот развој

Улогата и одговорностите на различните учесници во процесот на планирање и имплементација на Програмата за развој на СИПР, се дефинирани со Законот за рамномерен регионален развој, каде се дефинирани следните носители на политиката за регионален развој на СИПР: **Владата на Република Македонија**; **Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија**; **Министерството за локална самоуправа и Советот за развој на СИПР**, а во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој учествуваат: **Бирото за регионален развој; Центарот за развој на СИПР и единиците на локална самоуправа** кои ги опфаќа СИПР: **Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Кратово и Крива Паланка.**

**Советот за развој на СИПР** е одговорен за развојната политика на планскиот регион преку креирање на планските документи за развој на регионот, координација на носителите на развојот во регионот, како и промовирање на прекуграничната соработка со региони од други држави.

**Центрот за развој на СИПР** има улога на оперативно тело чија основна функција е подготовка и реализација на планските документи за развој на СИПР. Центрите за развој за својата работа одговараат на Советите за развој на планските региони.

**Единиците на локалната самоуправа**: Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Кратово и Крива Паланка, заеднички треба да учествуваат во подготовката и имплементацијата на регионалните проекти, а исто така се одговорни за поднесување на барања за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби и развој на селата кои се наоѓаат на нивна територија.

Со цел максимално да се користат расположивите финансиски ресурси за регионален развој, сите надлежни институции за спроведување на мерките за регионален развој треба да остварат висока меѓусебна координација и взаемна соработка при креирањето и реализацијата на проектите од значење за регионот.

Акциониот план за имплементација на Програмата за регионален развој на СИПР за 2013 година ја претставува првата рамка за воспоставување и развој на системот за поддршка на регионалниот развој во СИПР и основа за соработка со **линиските министерства**, донаторите и другите чинители заинтересирани за вклучување во процесот на реализација на стратешките цели предвидени со Програмата за регионален развој на СИПР 2009-2014 година.

## 4. Индикативни извори на финансирање на регионалниот развој

Согласно Членот 27 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" бр. 63/07), како извори на финансирање на регионалниот развој се јавуваат:

1. Буџетот на Република Македонија,
2. Буџетите на единиците на локалната самоуправа,
3. Расположивите фондови на ЕУ,
4. Други меѓународни извори,
5. Донации и спонзорства од физички и правни лица и
6. Други средства утврдени со закон.

Во членот 28 од истиот закон се дефинирани следните инструменти за поттикнување на регионалниот развој: капитални влогови; неповратни грантови; финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи и акциони планови; финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој на Република Македонија, како и државна помош во вид на заеми под поволни услови, гаранции за заеми, осигурување на кредити, даночни олеснувања, субвенции и други инструменти, согласно закон.

Со Одлуката за класификација на планските региони според степеност на развиеност за периодот 2008-2012 ("Службен весник на РМ" бр. 162/08) со која планските региони се класифицирани врз основа на Одлуката за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони ("Службен весник на РМ" бр. 162/08), СИПР е класифициран како најнеразвиен плански регион во однос на другите. Предвидено е **СИПР** да добива **16,6%** од **вкупните расположиви средства** кои, на **годишно ниво**, ќе се издвојат од **Буџетот на Република Македонија**.

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Македонија кои се превземаат за реализација на стратешките приоритети. Овие приоритети се дефинирани и содржани во повеќе документи на Владата на РМ. Средствата за финансирање на владините програми се обезбедуваат од буџетски средства, од донации и од заеми од Светската банка и други меѓународни финансиски институции. Утврдените владини програми се усогласуваат со редовните активности на одделните министерства со давање на приоритет за нивното финансирање. Фискалната политика утврдена во Буџетот за 2013 година, обезбедува имплементација на овие програми, континуитет во реализацијата, како и следење на успешноста во исполнувањето на стратешките приоритети.

### 4.1. Очекувани макроекономски движења за 2013 година

Економскиот раст во Република Македонија за 2013 година се очекува да изнесува околу 2%.

### 4.2. Средства од Буџетот на РМ за 2013 за имплементација на проекти од областа на рамномерниот регионален развој

**Програма за рамномерен регионален развој за 2013**

За поттикнување на рамномерниот регионален развој во Република Македонија преку Програматите за рамномерен регионален развој во Буџетот на Република Македонија за 2013, според информациите од Бирото за регионален развој се во износ од околу 48.750.100 денари. Центарот за развој ан Североисточниот плански регион може да аплицира со Предлог - проекти во вкупен износ од околу 8.092.516 денари.

**Програма за рамномерен регионален развој за 2013**

Според оваа Програми во Буџетот на Република Македонија за 2013 година, се алоцирани средства во износ од околу 48.750.100 денари за имплементација на проекти за развој на планските региони поднесени од страна на Центрите за развој на планските региони. Имајќи го во предвид процентот за алокација на средствата според степенот на развиеност, Центарот за развој ан Североисточниот плански регион може да аплицира со Предлог - проекти во вкупен износ од 8.092.516 денари.

## 5. Акционен План за 2013 за имплементација на Програмата за развој на СИПР 2009-2014

Акциониот план за 2013 година ги содржи проектите и други активности кои ќе бидат финансирани преку МЛС, БРР, сопствено финансирање од страна на Центарот за развој на СИПР, како и учество во проекти финансирани од фондовите на ЕУ или други донатори. Проектите кои се одобрени или се во фаза на одобрување во Акциониот план се наведени со нивните проектни износи.

Распределбата на трошоците на Акциониот план за 2013 според Стратешки цели и приоритети од Програмата за развој на СИПР 2009-2014 е даена во следната табела:

**Табела 2**

| | Приоритет 1 | Приоритет 2 | Приоритет 3 | Приоритет 4 | Приоритет 5 | Приоритет 6 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СЦ 1** | 535.000 | 12.000 | | 1.113.252 | | | **1.660.252** |
| **СЦ 2** | | 6.361.150 | | | | | **6.361.150** |
| **СЦ 3** | 86.358.790 | 2.248.346 | | | | | **90.607.136** |
| **СЦ 4** | | | | | | | |
| **СЦ 5** | 50.000 | 50.000 | | | | | **100.000** |
| **СЦ 6** | 30.500.000 | | | | | | **30.500.000** |
| **Вкупно** | | | | | | | **129.228.538** |

Овој Акционен план е основата за следење на имплементацијата на програмата за развој на СИПР 2009-2014 како и основа за мерење на перформансите на Центарот за развој во реализацијата на проектните активности.

Во Табелите подолу е претставен Акциониот план за 2013 година за имплементација на Програмата за развој на СИПР 2009-2014:

| | МЕРКИ | Активности | Индикатори | Одговорни за спроведување на мерките | Трошоци | Извор на Финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: Да постигнеме економски раст поголем од економскиот раст на државата во целина** | | | | | **1.660.252** | |
| **Приоритет 1** | 1. Создавање на услови за ставање на постоечките природни и стопански потенцијали на регионот во функција на економскиот развој | | | | **535.000** | |
| | 1.2 Изработени студии за одредување на приоритетните стопански сектори за развој на регионот | Подобрување на регионалната конкурентност на Североисточен плански регион. Програмата е насочена и кон приближување на Североисточниот плански регион до Компонентата 3: Регионален развој Претпристапната помош на ЕУ во делот за Регионална конкуретност. | Изработен прирачник за управување со квалитет, подобрени оценки од Проценка на принципите за добро владеење, Обука на локалните шампиони за територијалната анализа (1 ден по 10 учесници), Работилница за поставување на хипотезата на економски развој на регионот (10 учесници), Почетна работилница (30 учесници), Мини-фокус работилници (3 по 10 учесници), Интервјуа (30 учесници), Анализа на шампион сектор за економски развој на Североисточен плански регион (20 интервјуа), Настан за презентација на наодите од територијалната анализа (50 учесници), Презентација и усвојување на Територијалната анализа од страна на Советот за развој на Североисточен плански регион (вкупно | Преда Плус ЦРР | 535.000 | Преда Плус |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | консултирани 180 релевантни чинители за регионалниот развој на Североисточен регион), Изработени предлог интервенции за економски регионален развој. | | | |
| **Приоритет 2** | 2. Подигнување на капацитетите за планирање и реализација во СИПР | | | | **12.000** | |
| | 2.1 Подигање на капацитетот на Советот Центарот за развој на СИПР и на ЕЛС | Подршка за вмрежување на осумте Центри за РР во РМ | -Број на одржани средби | ЦРР | 6.000 | ЦРР |
| | 2.3 Развивање на прекуграничната и соработката со другите плански региони | Апликација на третиот повик за меѓугранична соработка со Р. Бугарија | -Одлука на Советот за Регионален Развој за учество на повикот | ЦРР | 6.000 | ЦРР |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2.4 Вмрежување и размена на искуства со региони од ЕУ | Воспоставена заедничка web страна со регионалниот Центар Литија од Р. Словенија<br><br>Воспоставена заедничка web страна со Областната администрација-Ќустендилски регион,Бугарија<br><br>Воспоставен заеднички меѓуграничен комитет за економска соработка на СИПР со Ќустендилската област | -Активна web страна<br><br>-Активна web страна<br><br>-Одржани состаноци на заедничкиот комитет | ЦРР,Центар за развој Литија<br><br>ЦРР,Областна администрација Ќустендил<br><br>ЦРР,Областна администрација Ќустендил,Бизнис заедници во СИПР и Ќустендилска Област | Во буџет од 2012<br><br>Во буџет од 2012<br><br>Во буџет од 2012 | ЕУ,МЛС,ЦРР |
| **Приоритет 4** | 4. Привлекување на домашни и странски инвеститори | | | | **1.113.252** | |
| | 4.4 Креирани модели и воспоставени Јавни Приватни Партнерства | Изработена тендерска документација за ЈПП за за изградба на капацитет за производство на електрична и топлинска енергија преку согорување на отпад во СИПР(Горилница) | -Изработена и усвоена од страна на Совет за Р.Р. тендерска документација за ЈПП за (Горилница) | Економски оператор, ЦРР | 1.113.252 | МЛС,БРР |

| | МЕРКИ | Активности | Индикатори | Одговорни за спроведување на мерките | Трошоци | Извор на Финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Да изградиме современа инфраструктура со меѓународно значење со поддршка од државните и европските фондови** | | | | | **6.361.150** | |
| **Приоритет 2** | 2. Реконструкција и изградба на патна и железничка инфраструктура | | | | **6.361.150** | |
| | 2.1 Изработена техничка и проектна документација за осовремување на постојните и градење на нови локални, регионални и магистрални патишта | Изработка на техничка документација за локални патни правци во СИПР | -Позитивен извештај од ревизија за проектирани 38,50км локални патни правци во СИПР -Усвојување на проектни резултати од страна на Советот за регионален развој | Економски оператор, ЦРР | 5.211.150 | МЛС, БРР |
| | 2.1 Изработена техничка и проектна документација за осовремување на постојните и градење на нови локални, регионални и магистрални патишта | Изработка на техничка документација за паркинг и подземна сообраќајница соделовен простор под плоштадот Маршал Тито. Општина Куманово | -Позитивен извештај од ревизија за проектна докумантација -Усвојување на проектни резултати од страна на Советот за регионален развој | Економски оператор, ЦРР | 1.150.000 | МЛС, БРР, Општина Куманово |

| | МЕРКИ | Активности | Индикатори | Одговорни за спроведување на мерките | Трошоци | Извор на Финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: Да инвестираме во нашите потомци преку заштита на животната средина во регионот** | | | | | **90.607.136** | |
| **Приоритет 1** | **1. Воспоставување на функционален систем за интегрирано регионално управување со отпад** | | | | **86.358.790** | |
| | 1.2 Изработени потребни планови,студии,анализи,техничка документација и проектни апликации за изградба на регионална депонија и друга потребна инфраструктура | Изработена оценка на влијание на животната средина на физибилити студија за изградба на капацитет за производство на електрична и топлинска енергија преку согорување на отпад во СИПР | -Усвојување на проектни резултати од страна на Советот за регионален разво<br>-Позитивна оценка од страна на МЖСП за влијание на животната средина | Економски оператор, ЦРР | 358.790 | ЦРР |
| | 1.2 Изработени потребни планови,студии,анализи,техничка документација и проектни апликации за изградба на регионална депонија и друга потребна инфраструктура | Изработка на Регионален план за управување со отпад во Североисточниот и Источниот регион | -Усвојување на Регионалниот план за управување со отпад од страна на Регионалното тело за управување со отпад во СИПР | Консултант избран на јавен повик од Европската Комисија | 86.000.000 | ЕУ<br>МЖСП |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 2** | **2. Намалување на степенот на загаденост на водите и почвата** | | | | **2.248.346** | |
| | 2.1 Изработени се потребни студии, анализи, техничка документација и проектни апликации за изградба на канализациони мрежи, колектори и пречистителни станици | Изработка на техничка документација за пречистителна станица за пречистување на фекални води во с. Липково | -Позитивен извештај од ревизија<br>-Усвојување на проектни резултати од страна на Советот за регионален развој | Економски оператор, ЦРР | 1.098.346 | МЛС, БРР |
| | 2.2 Изградени системи за одведување, собирање и пречистување на отпадните води | Изградба на дел од фекална канализација за село Слупчане, општина Липково | -Должина на изградена фекална канализација<br>-Усвојување на проектни резултати од страна на Советот за регионален развој | Економски оператор, ЦРР | 1.150.000 | МЛС, БРР Општина Липково |

| | МЕРКИ | Индикатори | | Одговорни за спроведување на мерките | Трошоци | Извор на Финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5: Да го подобриме животот во регионот преку искористување на можностите за рурален развој и развој на туризмот** | | | | | **100.000** | |
| **Приоритет 1** | 1.Подобрување на квалитетот на живеење во руралните средини | | | | **50.000** | |
| | 1.3 Информирано и едуцирано население | Промоција на ЛИДЕР програмата за рурален развој | -Број на обуки на годишно ниво | ЦРР, АФПЗРР,МЗШВ | 50.000 | АФПЗРР,МЗШВ |
| **Приоритет 2** | 2. Искористување на природните потенцијали и културно-историското наследство во функција за развој на туризмот и руралниот развој | | | | **50.000** | |
| | 2.4 Туристичко промовирање на природното, културното и историското наследство на регионот | Учество на саеми за туристичка промоција на СИПР | -Број на настапи на саеми за туризам годишно | ЦРР, ЕЛС | 50.000 | ЦРР МЛС |

| | МЕРКИ | Индикатори | | Одговорни за спроведување на мерките | Трошоци | Извор на Финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 6: Да придонесеме кон подобрување на квалитетот на живеење во регионот преку развој на социјалната инфраструктура и услугите** | | | | | **30.500.000** | |
| **Приоритет 1** | 1. Воспоставување на функционален образовен систем | | | | **30.500.000** | |
| | 1.3 Опфатени маргинализираните групи во наставниот кадар | Имплементација на проект од меѓугранична соработка со Р. Бугарија,во | -Имплементиран проект -Признаени трошоци од страна на | ЦРР (Лидер Партнер), Општина Дупница | 30.500.000 | Европска Унија,МЛС (ИПА компонента) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | партнерстрво со општина Дупница Градба на пристапни рампи,лифтови и тоалети за лица со посебни потреби во седум(7) основни училишта во СИПР, со наслов: (TOGETHER) | контролорот на проектот | | | |

**Проектите кои ќе бидат финансирани со „регионални“ средства од страна на линиските министерства потребно е да бидат дополнително идентификувани, во соработка со соодветните министерства**, во рамките на расположливи програми и потпрограми на другите министерства релевантни за регионалниот развој за 2013 година.

**И оваа година недостатокот од координација и соработка во планирањето и имплементацијата** на мерките **од страна на линиските министерства**, во чии буџети се алоцирани (со предзнак „регионални“) најголемиот дел од средствата за регионален развој, Советот на СИПР и Центарот за развој на СИПР го имаат идентификувано како **најголем ризик за спроведување на Програмата за развој на СИПР 2009-2014 и овој Акционен план**.

**6.Информирање и комуникација**

Како и за претходниот акционен план, од клучно значење за имплементацијата на Програмата за развој на СИПР е сите заинтересирани страни да развијат однос на сопственост над Програмата. Во оваа насока активностите за информирање и комуникација на политиката на рамномерен регионален развој во СИПР и општо во РМ се од посебно значење. Овие активности треба да имаат за цел:

- запознавање на пошироката јавност со целите на политиката на рамномерен регионален развој и со целите и приоритетите на Програмата за развој на СИПР 2009-2014;
- сензибилизирањена сите целни групи;
- појаснување на улогите на секоја целна група одделно;
- споделување на информации помеѓу донесувачите на одлуки, заради координирана имплементација на политиката на рамномерен регионален развој, како и
- обезбедување на навремени информации во функција на подготовка на квалитетни проекти.

Центарот за развој на СИПР и Советот на СИПР во зависност од целта на информирањето и комуникацијата ќе мора да соработуваат со различни целни групи. Поаѓајќи од целите на информирањето и комуникацијата, целните групи можат да бидат структурираниво две групи: екстерни и интерни.

Во екстерните целни групи можат да бидат вклучени:

- Граѓаните од СИПР и пошироко, како корисници на услуги,
- Граѓански организациии од СИПР и пошироко, како учесници во процесот на утврдување на потребите и приоритетите,
- Бизнис-асоцијации од СИПР и пошироко, како учесници во процесот на утврдување на потребите и приоритетите,
- Медиуми од СИПР и пошироко, како канали за информирање и комуникација,
- Донатори.

**Во интерните целни групи може да се препознаат:**

- Членовите на Советот за рамномерен регионален развој на РМ, ( надлежни министри и градоначалници, претседатели на Советите на планските региони)
- Членовите на Советите на СИПР и другите плански региони (85 градоначалници)
- Претседателите на Советите на ЕЛС од СИПР и од другите плански региони,
- Државни службеници на централно ниво ( раководни државни службеници во министерствата кои што работат на имплементирање на програми од регионално значење,

- Државни службеници на локално ниво (државните службеници во секторите за локален развој),
- Другите Центри за развој на планските региони.

За информирање и комуникација на целните групи, основни канали за комуникација кои ќе ги користат Советот на СИПР и Центарот за развој на СИПР се електронските и печатените медиуми, интернет, печатени информативни материјали, организирани форуми, промотивни настани и сл. Овој начин на информирање и комуникација најголем ефект ќе произведе преку реализација на серија на различни активности организирани од страна на носителите на политиката на рамномерен регионален развој, кои што ќе бидат насочени кон една или повеќе целни групи.

Не помалку значајно е следењето на имплементацијата на Програмата за развој на СИПР. Следењето има за цел да обезбеди соодветна динамика на реализација на активностите кои што треба да доведат до:

- подобро разбирање на политиката на рамномерен регионален разво во СИПР,
- напредок во однос на градењето свест за придобивките од политиката на рамномерен регионален развој во СИПР

Следењето ќе се врши преку анализа на печатените и електронските медиуми, преку интерактивноста на веб-страниците на МЛС, Бирото и на Центрот за развој на СИПР, преку многубојните активности (седници на Советот на СИПР, форуми со бизнис-секторот, со граѓанскиот сектор, организирани информативни денови, прес конференции и сл.), преку извештаите за реализација на Програмите за развој на СИПР, што ги подготвува Центарот за развој на СИПР како и преку извештаите за прелиминарно, тековно и завршно оценување на проектите за регионален развој.

Центар за развој на

Североисточен плански регион